**Годишни работни планови за ревизија по ИПА Компонента за 2014 година**

Годишните работни планови за ревизија (*ГРПР*) за 2014 година се однесуваат за периодот од 1 октомври 2013 година до 30 септември 2014 година и за ревизорската работа што треба да се изврши во врска со Програмите за соодветната ИПА Компонента, се изработени и донесени согласно барањата од член 29 од Регулативата (ЕЗ) 718/2007[1] на Комисијата, Анекс А Секција 7 од Рамковната спогодба[2] и член 25 од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА)[3].

Ревизорското тело, како што е наведено во член 29 од Регулативата (ЕЗ) 718/2007 на Комисијата, односно во Анекс А кон Рамковната спогодба и Законот за ревизија на ИПА, под надлежност на неговиот раководител, ги исполнува следниве барања:

- Ревизорското тело ја спроведува својата работа во согласност со меѓународно прифатените стандарди за ревизија,
- Ревизорското тело е функционално независно од сите учесници во системите за управување и за контрола на ИПА средствата,
- Ревизорското тело во тек на секоја година донесува и исполнува Годишен работен план за ревизија, кој се доставува до НАО и до Европската комисија најдоцна до 30 септември во предметната година,
- Работата на ревизија вклучува ревизија на соодветен примерок на операции или на трансакции и испитување на постапки,
- Ревизорското тело подготвува Годишен извештај за ревизорски активности (*ГИРА*) и Годишно ревизорско мислење (*ГРМ*), за ИПА компонента I, III, IV и V, и ги доставува до ЕК, НКА и НАО до 31 декември секоја година,
- Ревизорското тело издава мислење за секоја конечна изјава за трошоците при затворање на програма или дел од програма и го доставува до ЕК, НКА и НАО.

Ревизорското тело се придржува и кон други специфични барања поставени во Финансиските спогодби и Секторските спогодби.

Согласно член 23 од Законот за ревизија на ИПА, а со цел независно и објективно извршување на ревизорските цели, ревизорите од Ревизорското тело имаат целосен пристап до сите информации и документи поврзани со проекти и програми кои се целосно или делумно финансирани со средства од ИПА.

---

[1] Регулативата (ЕЗ) бр. 718/2007 на Комисијата од 12 јуни 2007 година за имплементирање на Регулативата (ЕЗ) бр. 1085/2006 на Советот од 17 јули 2006 година за воспоставување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), со сите нејзини измени и дополни

[2] Рамковна спогодба склучена помеѓу Комисијата на европските заедници и Република Македонија за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕК за Република Македонија во рамките на спроведување на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА) на ден 30.10.2007 година

[3] Закон за ревизија на ИПА („Сл. весник на РМ“ бр. 66 / 2010 од 13.05.2010 година)

**Цел на Годишниот работен план за ревизија**

ГРПР е планирачки документ за информирање за планираната ревизорска работа за соодветната Програма по ИПА Компонента согласно меѓународно прифатените стандарди за ревизија и применливите закони, кој му овозможува на Ревизорското тело да издаде Годишен извештај за ревизорски активности и Годишно ревизорско мислење по ИПА компонента, во согласност со одредбите на Регулативата (ЕЗ) 718/2007 и Рамковната спогодба.

Со цел да се обезбеди извршување на горе наведените обврски и во согласност со член 29 на Регулативата (ЕЗ) 718/2007 и Анекс А Секција 7 (в) од Рамковната спогодба, овие ГРПР се подготвени согласно следните барања:

- Годишните планови опфаќаат ревизии кои имаат за цел верификација на:

    - ефективното функционирање на системите за управување и контрола;
    - веродостојноста на сметководствените информации доставени до Комисијата.

- Работата на ревизија вклучува ревизии на соодветен примерок на активности или на трансакции и испитување на постапки.

**Целосен пристап при разработување на ГРПР**

Со цел да се утврдат ревизорските активности кои ќе се извршуваат во периодот на ревизија во поглед на соодветната програма по ИПА Компонента земено е во предвид следново:

- Специфичните карактеристики на програмата и соодветните ревизорски задачи за ревизија на програмата,
- Статусот на имплементација на операциите во рамките на програма, вклучувајќи информации за значајните измени кои настанале во системите за управување и за контрола по последниот Годишен извештај за ревизорски активности и/или се очекува да настанат во тек на периодот на ревизија, како и предвидената динамика за склучување договори, плаќања и декларации за трошоците до Комисијата,
- Резултатите од годишната процена на ризици,
- Целите на известувањето (како во поглед на одделни ревизии така и заклучоците кои ќе се дадат во ГИРА и ГРМ);
- Меѓународно прифатените стандарди за ревизија, како и дополнителните упатства од Комисијата и ИПА прирачникот за ревизија.

Заклучоците произлезени од горенаведените активности се прикажани во **Анексите во прилог**.

**Следење и ажурирање на ГРПР**

Спроведувањето на ГРПР е предмет на следење од страна на Главниот ревизор за ИПА и соодветниот Помошник на главниот ревизор за ИПА одговорен за ревизорските активности во рамки на програмата. Годишниот план ќе се ажурира и дополни секогаш кога е тоа потребно (како резултат на значајни измени во системите за управување и за контрола, важечката легислатива и регулаторната рамка и сл.).

Во случај кога постојат оправдани причини за изменување на планираните ревизорски активности опишани во ГРПР, тоа ќе биде соодветно документирано и за истото ќе се информира во соодветниот ГИРА согласно барањата од Секција 4 од Анекс В кон Рамковната спогодба.

## АНЕКСИ– Годишен работен план за ревизија Октомври 2013 – Септември 2014

## ИПА компонента за помош во период на транзиција и институционална надградба -ИПА Компонента I

| Бр. | Индикативен период | Законски утврден рок | Вид на ревизија / фаза | Планирани ревизорски цели / активности | Субјект на ревизија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Октомври 2013 | | Следење | Следење на препораките од системската ревизија во 2013 | 1.НАО/НФ |
| | | | | | 2.ЦФЦД |
| | | | | | 3.СНИПАК |
| | | | | | 4. ЛМ/ИК: МВР; МП; МЖСПП; МЗШВ; ЦУ; СЕП; МК; МЕ; ГС; ДЗС; КЗК; МИОА и МЗ |
| 2. | Ноември – Декември 2013 | 31 Декември | Известување | Изготвување на Годишен извештај за ревизорска активност (ГИРА) за 2013 година, како и Годишно ревизорско мислење за системот за управување и контрола за 2013 година | |
| 3. | Декември 2013 -Мај 2014 | | Мисија на ревизија на операции | Верификување на декларираните трошоци до Комисијата | Акредитираната структура за ИПА КI и останати корисници |
| 4. | Мај - Септември 2014 | | Мисија на системска ревизија | Ефективно функционирање на клучните контроли на ризичните процеси на ИПА КI административната структура и усогласување на критериумите за акредитација со процесите | |
| | | | | Уверување | 1.НАО |
| | | | | Финансиско управување, сметководство и внатрешна ревизија | 2.НФ, МФ |
| | | | | Финансиско управување, сметководство и мониторинг | 3.ЦФЦД |
| | | | | Мониторинг и внатрешна ревизија | 4. СНИПАК |
| | | | | Имплементација, мониторинг на договори, уверување и внатрешна ревизија | 5.ЛМ/ИК (МФ; АХВ и АЕК) |
| 5. | Септември , 2014 | 30 Септември | Планирање | Годишно планирање на ревизиите за следниот референтен период 2014/ 2015 | |

## Програма за ПГС Бугарија- Македонија CCI No: 2007CB16IPO007 за ИПА Компонента II

| No | Индикативен период | Правно определени финални датуми | Вид на ревизија/ фаза | Ревизорски цели/ планирани активности | Субјект за ревизија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Октомври 2013 | 15 Октомври[4] 2013 | Follow up на претходната системска ревизија | Follow up на дадените препораки од претходната системска ревизија | НТ- Министерство за локална самоуправа |
| 2 | Февруари- јуни 2014 | Јуни 2014 | Ревизија на операции | 4 проекти изберени како примерок извaден од целата популација на сертифицирани трошоци во 2013 преку примена на статистички примерок од страна на одговорното РТ | |
| 3 | Септември 2014 | Ноември 2014 | Follow up | Почеток на Follow up на дадените препораки за отворените наоди од претходните ревизии | НТ- Министерство за локална самоуправа |

[4] Е-маил комуникација од Министерството за финансии Извршна Агенција за ревизија на ЕУ фондовите No 09-285/1 од 5 септември 2013.

## Оперативна програма за регионален развој за ИПА Компонента III

| Бр. | Индикативен период | Законски утврден рок | Тип на ревизија / фаза | Ревизорски цели / планирани активности | Субјект на ревизија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Октомври 2013 | | Следење | Следење на препораките од системската ревизија во 2013 година | 1. НАО/НФ<br>2. ЦФЦД<br>3. ЛМ-МЖСПП<br>4. ЛМ-МТВ<br>5. Посебно тело - ЈПДП |
| 2. | Ноември – Декември 2013 | 31 Декември | Известување | Подготовка и доставување на Годишниот извештај за ревизорска активност (ГИРА) и Годишното ревизорско мислење (ГРМ) за системот за управување и контрола за 2013 година. | |
| 3. | Декември 2013 - Мај 2014 | | Мисија на ревизија на операции | Верификација на декларираните трошоци до ЕК | Акредитирана структура за ИПА К3 (НФ, ЦФЦД, ЛМ) |
| 4. | Мај - Септември2014 | | Мисија на системска ревизија | Ефективно функционирање на клучните контроли на ризичните процеси по административна структура за ИПА К3 и усогласеност со Критериумите за акредитација по процеси: | |
| | | | | Уверување | 1.НАО |
| | | | | Финансиско управување и сметководство и внатрешна ревизија | 2.НФ, МФ |
| | | | | Следење, финансиско управување и процес на сметководство | 3.ЦФЦД |
| | | | | Управување со човечки ресурси, имплементација и следење на договори | 4.МЖСПП |
| | | | | Следење на договори, уверување (вклучувајќи ИзГ) и внатрешна ревизија | 5.МТВ |
| | | | | Следење на договори, уверување (вклучувајќи ИзГ) и внатрешна ревизија | 6.ЈПДП |
| 5. | Септември 2014 | 30 Септември | Планирање | Годишно планирање на ревизии за следниот референтен период 2014/2015 | |

## Оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007 – 2013 за ИПА Компонента IV

| Бр. | Индикатив ен период | Законски утврден рок | Тип на ревизија / фаза | Планирани ревизорски цели / активности | Субјект на ревизија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Октомври 2013 | | Следење | Следење на препораки од системска ревизија во 2013 година | 1.НАО/НФ<br>2.ЦФЦД<br>3.ЛМ-МОН<br>4.ЛМ-МТСП |
| 2. | Ноември – Декември 2013 | 31 Декември | Известување | Изготвување и доставување на Годишен извештај за ревизорска активност (ГИРА) за 2013 година, Годишно ревизорско мислење за системот за управување и контрола за 2013 година | |
| 3. | Декември 2013 -Мај 2014 | | Мисија на ревизија на операции | Верификација на трошоците декларирани на Комисијата | ОС ИПА К4, НФ |
| 4. | Јуни-Јули, 2014 | | Известување | Изготвување и доставување на извештај од ревизија на операции до ЕК | |
| 5. | Мај - Септември 2014 | | Мисија на системска ревизија | Ефективно функционирање на клучните контроли во ризичните процеси во административната структура за ИПА К IV и усогласеност со критериумите за акредитација според процес | |
| | | | | Уверување | 1.НАО |
| | | | | Финансиско управување и сметководство, внатрешна ревизија | 2.НФ, МФ |
| | | | | Мониторинг, Финансиско управување и сметководство | 3.ЦФЦД |
| | | | | Програмирање, мониторинг на договори, внатрешна ревизија | 4.МОН |
| | | | | Управување со ЧР, програмирање, имплементација, мониторинг на договори, внатрешна ревизија | 5.МТСП |
| 6. | Септември, 2014 | 30 Септември | Планирање | Годишно планирање за ревизии за наредниот референтен период 2014/2015 | |

## Оперативна програма за рурален развој 2007 – 2013 за ИПА Компонента V

| Бр. | Индикативен период | Тип на ревизија/ фаза | Ревизорски цели / планирани активности | Субјект на ревизија |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Октомври - Ноември 2013 | Извршување и Известување за Дополнителната ревизија | - Продолжување на Дополнителната ревизија за сметки и извод од трошоци за 2012 и Евалуација на планот за апсорпција<br>- Подготовка и издавање на Дополнителен извештај за сметки и извод од трошоци за 2012 година | 1. НАО/НФ<br>2. АГЕНЦИЈА<br>3. ТУ |
| 2. | Ноември - Декември 2013 | Извршување и Известување за Мисија на системска ревизија и Мисија на ревизија на операции | - Продолжување на Мисија на системска ревизија на ефективноста на СУК и Мисија на ревизија на операции за 2013 година. | 1. НАО/НФ<br>2. АГЕНЦИЈА<br>3. ТУ |
| 3. | Декември 2013 | Годишно известување | - Подготовка и издавање на ГРМ и ГРИ за ефективноста на СУК и ГИРА за 2013 година. | |
| 4. | Јануари - Април 2014 | Следење, Планирање, Извршување и Известување за Мисија на ревизија на операции и Мисија на финансиска ревизија | - Следење на препораките од ГРИ за сметки и извод од трошоци за 2012 година и ГРИ за ефективноста на СУК за 2013 година,<br>- Извршување на Мисија на финансиска ревизија за финансиската 2013 година. | 1. НАО/НФ<br>2. АГЕНЦИЈА<br>3. ТУ |
| 5. | Април 2014 | Годишно известување | - Подготовка и издавање на ГРМ и ГРИ за сметки и извод од трошоци за 2013 година и ГРМ за Изјавата за гаранција издадена од страна на НАО за 2013 година. | |
| 6. | Мај-Септември 2014 | Извршување и Известување за Мисија на системска ревизија | - Спроведување на Мисија на системска ревизија за 2014 година | 1. НАО/НФ<br>2. АГЕНЦИЈА<br>3. ТУ |
| 7. | Јули-Септември 2014 | Извршување и Известување за Мисија на ревизија на операции | - Спроведување на Мисија на ревизија на операции за 2014 година | 1. АГЕНЦИЈА |
| 8. | Септември 2014 | Годишно планирање | Подготовка и издавање на Годишен работен план за ревизија за Компонента 5 за наредениот референтен период 2014/2015 година | |